Република Северна Македонија
Основен суд Виница
Су02-5/2019-3
07.03.2019 година
Виница

Друштво за производство, трговија и услуги
БОКИ-КОМПЈУТЕРИ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 134/2019
18.03 2019 год.
Струмица

# Договор за јавна набавка на информатичка опрема - персонални компјутери

Составен на ден:07.03.2019 година

Договорните страни:

1.Основен суд Виница, ул.Бел Камен бб, во Виница, ЕМБС 5126606, ЕДБ 4005945102639, застапуван од Претседателот на судот, Васка Петрова (во понатамошниот текст ДОГОВОРЕН ОРГАН), од една страна и

2.„Боки Компјутери„ Дооел, , С , ЕДБ , застапуван од управителот Бошко Јанчев од С ,
( во понатамошниот текст НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА) од друга страна

## Предмет на набавка

чл.1

Предмет на овој договор набавка на информатичка опрема - персонални компјутери на број 12-дванаесет , за потребите на Основен суд Виница согласно одлуката за јавна набавка на Основен суд Виница СУ-04-5/19 д 04.02.2019 година.

Носителот на набавката е избран врз основа на спроведена постапка за јавни набавки од страна на Комисијата за јавни набавки при Основен суд Виница, по Барање за прибирање на понуди со распишување на оглас бр 1/2019 а по спроведената е-аукција на која понуди најниска цена и е избран со Одлука за избор на најповолна понуда на Основен суд Виница, Су02-5/2019-2 од 25.02.2019 година.

## Вредност на набавката

чл.2

Единечната вредност на стоките-персонални компјутери изнесува 28.437,5 со пресметан ДДВ од 5%.

Вкупната вредност на договорот изнесува 341.250,00 денари денари со ДДВ од 5% односно 325.000,00 денари без ДДВ.

Корекција на вредноста на договорот не е предвидена.

## Обврски на договорените страни

чл.3

Носителот на набавката се обврзува да испорача 12 персонални компјутери и лиценци за оперативен систем Microsoft Windows 10

Република Северна Македонија
Основен суд Виница
Су02-5/2019-3
07.03.2019 година
Виница

Professional, со карактеристики дадени во техничката понуда која е составен дел на договорот, а кои се:

- Intel i3-8100 3.6Ghz 6MB cache
- Asrock H310M-HDV Mainboard
- J&A JA4G24N 4GB DDR4 2400Mhz
- Toshiba P300 1TB HDD SATA3 7200rpm 64MB cache
- Asus DVD-RW Drive DL
- Onboard VGA (Full HD support), VGAx1, DVIx1, HDMIx1
- Sound card onboard, front panel conectivity
- Gigabit Lan onboard
- USB 3.0 x2, USB 2.0x2, front panel conectivity
- Alantik ATX Casa 11 ATX Case 500W PSU silent fan
- Omega OKM05 (keyboard+mouse set) Full size office Keyboard USB - Optical Mouse USB
- Mouse Pad
- Acer KA220HQ 22inc 5ms Full HD Led monitor, VGA, HDMI
- Genuine Microsoft Windows 10 Pro 64bit - со налепница со оригинално пакување, во рок од 7 дена од денот на од направената писмена или усмена порачка.

чл.4

Испораката на стоката ќе се смета за извршена откако ќе биде прегледана од страна на Ѓ. А -информатичар во Основен суд Виница со цел да се утврди дали истата е согласно понудените технички карактеристики од техничката понуда на носителот на набавката, и по потпишување на испратницата од овластено лице од договорниот орган и овластено лице од носителот на набавката.

Чл.5

Плаќањето на Фактурата ќе се врши навремено, согласно со понудата и прифатените услови за плаќање во рок не повеќе од 30 дена од приемот на Фактурата и комплетна придружна документација.

Носителот на набавката се обврзува да изврши фактурирање на испорачаната стока според цената утврдена во понудата.

Носителот на набавката гарантира дека предметот на овој Договор кој ќе го испорача е нов, оригинален нерепариран, со деклариран квалитет и од декларираниот производител, согласно доставената понуда и за истите дава гарантен рок од гарантен рок-најмалку 2 (две ) години на испорачаната опрема и на Лиценцата за оперативен систем гаранција со неограничен период на важење.

Носителот на набавката се обврзува на своја сметка да ги отстрани сите недостатоци кои би се појавиле во гарантниот период, или предметот на овој Договор, да го замени со нов во рок од 20 дена од денот на пријавување на недостатокот.

Република Северна Македонија
Основен суд Виница
Су02-5/2019-3
07.03.2019 година
Виница

Општи одредби

чл.6

Договорот се склучува за време до престанување на сите права и обврски на договорените страни.

чл.7

Во случај на непридржување кон одредбите на овој Договор секоја од страните го задржува правото да го раскине Договорот пред истекот на рокот .

чл.8

Овој договор може да се менува спогодбено само во согласност со двете договорни странки, со Анекс –Договор само во согласност со одредбите од Законот за Јавни набавки и ЗОО.

чл.9

Договорот е составен во 6(шест) еднообразни примероци, од кои по три за секоја од договорните страни.

чл.10

Во случај на спор надлежен ќе биде Основниот суд Кочани

| | |
|---|---|
| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
| Основен суд Виница | Економски оператор |
| Претседател | одговорно лице |
| Васка Петрова | Бошко Јанчев |